РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на дел II, област Б, мерка 1, точка 1.2 од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, (Службен весник на Република Македонија бр. 192/2016), Министерството за економија

Објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за организирање на специјализирани длабински технолошки обуки

I

Предмет на Јавниот повик е кофинансирање за организирање на специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во следните сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија од страна на Министерството за економија, во согласност со Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017, дел II, област Б, мерка 1, точка 1.2 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 192/2016), во износ од 300.000 денари.

II

На Јавниот повик може да се пријават сите правни лица кои ги исполнуваат условите.

III

Министерството за економија ќе го кофинансира организирањето на следните специјализирани обуки – длабински и детални технолошки обуки во индустриските сектори: автомобилска, текстилна, прехрамбена и металопреработувачка индустрија:

- за текстилната индустрија:
- Обука за конструкција и моделирање на облека од плетенини и корсети;
- за автомобилската индустрија:
- Обука за алатничари во производство;

- за металопреработувачката индустрија:
- Обука за типови грешки во заварени споеви, причини за нивна појава и мерки за нивно спречување;
- за прехрамбената индустрија:
- Обука за технологија на житарки - пекарски производи;

IV

Пријавите за организирање и реализирање на обуките се поднесуваат до 22.11.2017 година. Постапката за доделување на средствата е содржана во Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, објавена на web-страната на Министерството за економија. Во прилог на барањето, корисникот на средствата треба да ја достави следнава документација:

1. Решение за регистрација или тековна состојба од Централен регистар (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
2. Документ за регистрирана дејност -ДРД образец од Централен регистар, (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
3. Доказ за економско финансиска состојба на правното лице од Централен регистар, (оригинал или копија со печат и потпис на поднесувачот) не постар од 6. месеци
4. План / програма за организирање на обуката
5. Потврда за подмирени јавни давчки од УЈП
6. Уплатници од - 50,00 и 250,00 денари (за административни такси)

V

За активностите од област Б, мерка 1, точка 1.2. од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, делот на трошоците за оваа намена ги надоместува Министерството за економија во висина од 75% од докажаните трошоци за организација и реализација на обуките.

VI

Пријавувањето за организирање и реализирање на обуките треба да биде поединечно, за секоја обука во секој од наведените индустриски сектори. Минималниот потребен капацитет на реализаторите на обуката е следен:

Квалификациска структура:

- Најмалку два доктори на науки со минимум пет години едукативно и практично искуство во темите за обука. Компетенциите и искуството мора да се покаже со релевантни докази и
- Најмалку два дипломирани инженери (од секоја наведена индустриска област) со минимум пет години искуство во областа

Простор и реализација на обуката, опрема и помагала:

- Најмалку една просторија со минимум 40 места за слушатели, опремена со современи средства за презентација;
- Простор за практична обука (лабораторија/хала) со опрема за испитување/надгледување на процес;
- Едукативен материјал на високо професионално ниво;
- Услови за проверка на знаењата;
- Времетраење на обуките во согласност со проблематиките кои се обработуваат по поодделните индустриски сектори.

Пријавите за доделување на средствата се разгледуваат во Министерството за економија, а Одлука за доделување на средствата донесува Министерот, по што следува потпишување на Договор со корисникот на средствата.

Корисникот на доделените неповратни средства должен е да поднесе докази за наменско користење на средствата, по реализација на обуката.

VII

Пријавата за учество на Јавниот повик се поднесува до Министерството за економија, ул: Јуриј Гагарин, бр.15 – Скопје.

Непотполните пријави нема да се разгледуваат.

VIII

Трошоците наменети за реализација на област Б, мерка 1, точка 1.2. од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2017 година, ќе им бидат исплатени на апликантите, по реализацијата на обуките и во зависност од расположивите средства во Буџетот.